**20242454312**

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 и член 19 став 2 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21 и 74/24), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

## ОДЛУКА ЗА ИНТРАДНЕВЕН КРЕДИТ

1. Со оваа одлука се регулираат условите и правилата за спроведување на кредитните работи коишто ги врши Народната банка на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Народната банка) со банки, филијали на странски банки и штедилници (во натамошниот текст: учесникот/учесниците) преку одобрување интрадневен кредит.

2. Барање за интрадневен кредит може да достават учесниците коишто ги исполнуваат следниве критериуми:

− имаат обврска за задолжителна резерва кај Народната банка;

− учесници се во Македонскиот интербанкарски платен систем (во натамошниот текст: МИПС);

− имаат пристап до електронскиот систем на Народната банка (во натамошниот текст: електронски систем) и

− имаат склучено генерален репо-договор со Народната банка.

3. Народната банка одобрува интрадневен кредит на учесникот преку склучување репо-трансакција со рок на достасување во текот на истиот ден.

За одобрениот интрадневен кредит Народната банка не пресметува и не наплатува камата.

4. Како инструменти за обезбедување на интрадневниот кредит се користат хартиите од вредност наведени во Листата на хартии од вредност за спроведување монетарни операции, донесена врз основа на Одлуката за утврдување на инструментите за обезбедување при спроведување монетарни операции.

5. Интрадневен кредит се одобрува на барање на учесникот.

Извршниот одбор на Народната банка има право да го ограничи одобрувањето или да го одбие барањето за интрадневен кредит доколку учесникот не ги исполнил договорните обврски кон Народната банка врз основа на претходно одобрен и достасан кредит.

6. Барањето ги содржи следниве елементи:

− паричниот износ на интрадневниот кредит во денари којшто го бара учесникот од Народната банка;

− ознаката на хартиите од вредност (ISIN – International Securities Identification Number, односно ознаката на аукцијата) коишто ги нуди учесникот за да се користат како инструмент за обезбедување;

− номиналниот износ на хартиите од вредност;

− сметката за порамнување во МИПС;

− сметката на хартиите од вредност во депозитарот на хартии од вредност.

Учесникот го доставува барањето до Народната банка преку електронскиот систем, во текот на работниот ден на МИПС, најдоцна до 16 часот и е неотповикливо.

7. Во случај на технички проблеми при користењето на електронскиот систем, учесникот може да го достави барањето до Народната банка преку електронска пошта или телефонски разговор кон локал којшто се снима. Народната банка го известува учесникот за одобрениот интрадневен кредит преку електронска пошта, телефон или друг начин на известување.

8. За одобрениот интрадневен кредит се изготвува заклучница во согласност со генералниот репо-договор склучен со учесникот.

9. Учесникот е должен да го врати интрадневниот кредит најдоцна до моментот кога МИПС престанува со примање налози за пренос на парични средства од учесниците во МИПС за нивните корисници на платежни услуги.

Доколку учесникот не го врати целосно или делумно интрадневниот кредит до утврдениот термин, може да поднесе барање за претворање на невратениот износ од интрадневниот кредит во расположлив кредит преку ноќ, за којшто се применуваат соодветните одредби од Одлуката за расположлив кредит преку ноќ.

10. Доколку банката не го врати интрадневниот кредит и не поднесе барање за претворање на интрадневниот кредит во расположлив кредит преку ноќ, Народната банка го наплаќа интрадневниот кредит и сите побарувања врз основа на кредитот преку извршување на инструментите за обезбедување.

11. Порамнувањето на интрадневниот кредит се врши врз основа на елементите наведени во заклучницата, а во согласност со важечките правни прописи во оваа област.

12. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за интрадневен кредит („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/11).

13. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02 - 40305/7
28 ноември 2024 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Анита Ангеловска-Бежоска,** с.р.